**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 125/20**
**30.12.2020 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите, а согласно член 112 став 1 од Судскиот Деловник, по одржаната седница на судии на ден 29/12/2020 година и доставените мислења од судиите Су бр.459/20, на ден 30/12/2020 година го донесе следниот

# Распоред за работа
# на Претседателот на судот и судиите
# во Основен суд Неготино за 2021 година

1. **Претседателот на судот Билјана Толова** ќе го преставува судот, ќе ја организира работата на судот, ќе превзема мерки заради навремено и уредно вршење на работата и ќе постапува:

- по предмети од судска управа (уписници „Су", „Су-01", „Су-02", „Су-03", „Су-04", „Су-05", „Су-06", „Су-ИЗЗ", „Су-дов", „Су-стр дов");
- по предмети од уписник „УПП" (поплаки и преставки) и уписник „СПИ" (слободен пристап до информации);
- по предмети од уписник „Зав-х";
- по парнични предмети од уписник „П-2";
- по сите повторно заведени предмети од судија Лазар Ризов од уписник „П-2"
- како Претседател на Кривичен совет (уписници „Кс"; „Ксп", „Кс-Кр", „КП", „Кук", „Уо" и „Кпов"), како и по предметите од активната архива и од пасивната архива по кои постапувала судија Александар Поп Стефанија како претседател на кривичен совет од истите уписници;
- по предмети од уписник „Кр";
- како Претседател на совет во прекршочни предмети за кои се одлучува во совет (уписник „Прк.Пов".)
- по предмети од уписник „Прк-р";
- по предмети за извршување на прекршочни санкции (уписници „Ипрк" и „Исам"), како и предметите од активната и пасивната архива од судија Александра Поп Стефанија од обласа на извршувањето на прекршочните санкции (уписници „Ипрк" и „Исам");
- како судија на предходна постапка по сите предмети од кривична област (уписници „К-ПП" и „КНЗД")
- по барања за издавање дозвола за извршување (уписник „ИДС"), по прераспределба на предмети од „ППНИ" уписник по барање за изземање од извршување по член 218 од Законот за извршување и по барања за одлагање на извршување по член 91 од Закон за извршување и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**2.Судија Лазар Ризов ќе постапува:**

- како Заменик на Претседателот на судот;
- по предмети од уписник „Зав-х“ како заменик на Претседателот на судот;
- по парнични предмети по уписниците „П-1“, „П-3“, „П-4“, „П-5“ и „Малв.П“
- по нови предмети од уписник „РО“ од денот на ова измена, како и предметите досега во работа од истиот уписник;
- по парничните предмети од уписник „П-2“ примени заклучно до 14/11/2019 година,
- по граѓански замолници уписник „ЗАМ-с“;
- по платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл.“, „Малв.Пл-1 П.“ и „Пл.-1 П.“);
- по оставински предмети (уписник „О-1“ и „О-над“);
- по вонпарнични предмети (уписници „ВПП“, „ВПП-1“, „ВПП-2“, „РВПП“ );
- по други парнични и вонпарнични предмети („Зав“, „Зав-с“,„ПСО“, „РП“,„ОДС“, „ПОМ“, „ПИ“, „ПСО“, „ИПК“, „ПОМ“, „Знд“, „ИЗС“, „ПЛЖ“, „ППОВ“, „РО.ПОВ“, МВ.ПОВ“);
- по предмети формирани по приговори за незаконитости при извршувањето (уписник „ППНИ“) примени од 01.01.2021 година,
- како член на кривичен совет;
- судија известител при водење на посебни кривични постапки;
- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија (уписник „И“) и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**3. Судија Ацо Анѓелковски ќе постапува**:

- по парничните предмети од уписниците „П-1“, „П-3“, „П-4“, „П-5“ и „Малв.П“,
- по предмети од уписник „РО“, како и по сите повторно заведени предмети од Претседателот на судот Билјана Толова од уписник „РО“;
- по граѓански замолници уписник „ЗАМ-с“;
- по платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл.“, „Малв.Пл-1 П. „Пл.-1 П.“);
- по оставински предмети (уписник „О-1“ и „О-над“);
- по вонпарнични предмети (уписници „ВПП“, „ВПП-1“, „ВПП-2“, „РВПП“);
- по други парнични и вонпарнични предмети („Зав“, „Зав-с“,„ПСО“, „РП“,„ОДС“, „ПОМ“, „ПИ“, „ПСО“, „ИПК“, „ПОМ“, „Знд“ „ИЗС“,„ПЛЖ“, „ППОВ“, „РО.ПОВ“, МВ.ПОВ“);
- по сите повторно заведени предмети од судија Билјана Толова по наведените уписници од парнично и вонпарнично одделение, освен уписникот „П-2“,
- по нерешените предмети од уписник „ППНИ“,
- како член на кривичен совет;
- судија известител при водење на посебни кривични постапки;
- по незавршените прекршочни предмети од уписник „Прк-ј“, по сите новопримени прекршочни предмети од уписник „Прк-ј“, како и по сите повторно заведени предмети од уписникот „Прк-ј“ (со прилог листа за примопредавање на незавршените предмети од уписник „Прк-ј“ од судија Бојанчо Донев);
- по предмети од активна и пасивна архива од судија Александра Поп Стефанија од уписник „Прк-ј“;
- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија и по предметите од пасивна архива од извршен судија Владанка Ристова (уписник „И“) и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**4. Судија Розеана Ѓорѓиева ќе постапува:**
- по сите кривични предмети, како и по повторно заведени кривични предмети;
- по замолници од кривична материја („Зам.К.“)
- како член на кривичен совет и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**5. Судија Бојанчо Донев ќе постапува:**
- по прекршочни предмети од уписниците „Прк-с“ и „Прк-о“, како и по сите повторно заведените предмети од уписницици „Прк-с“ и „Прк-о“;
- по предмети од активна и пасивна архива од судија Александра Поп Стефанија од уписниците „Прк-с“и Прк-о“,
- по замолници од прекршочна материја;
- по кривични предмети од уписник „К“ во случај на иземање на судија Розеана Ѓорѓиева со одлука на Претседателот на судот,
- по предмети за извршување на кривични санкции (уписници „КУИКП“, „ИКП“, „ПК“, „ИОИП“ и „ИСАМ-Л“), како и по предметите од активна и пасивна архива од Одделението за извршувањето на кривичните санкции и
- како член на кривичен совет.

(Забелешка: предметите од активна архива се предмети по кои постапката е во тек; предметите од пасивна архива се предмети по кои постапката е завршена со правосилна и извршна одлука)

**6.** По одлука на Претседателот на судот донесена по поднесено барање за иземање, на судијата може да му биде доделен предмет во работа и по уписник кој не му е доделен со распоредот за работа.

**7.** Распоредот за работа на Претседателот на судот и на судиите започнува да се применува од **01.01.2021 година.**

**8.** Примерок од Распоредот за работа Претседателот на судот и на судиите за 2021-та година да се достави до судиите, судскиот соработник, извршителите во писарниците и информатичарот за негово спроведување во АКМИС.

**9.** Примопредавањето на предметите да се изврши помеѓу судија Ацо Анѓелковски преку извршителот на прекршочното одделение на нерешените прекршочни предмети од уписник „Прк-ј“, според листата на остаток на нерешени предмети, извадок од АКМИС, прилог кон овој распоред. Примопредавањето да се изврши на овој начин од причина што судија Бојанчо Донев ќе биде отсутен по основ боледување од „Ковид“ подолг период. По потпишување на записникот за примопредавање, еден потпишан примерок да биде предаден во Судската управа, како прилог кон овој Распоред.

Прераспределбата на предметите во АКМИС и примопредавањето на предметите да се изврши најдоцна до 13.01.2021 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Претседателот на судот, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите в.в. член 112 од Судскиот деловник, по одржаната седница на судии на ден 29/12/2020 година и доставените мислења од судиите Су бр.459/20, го донесе Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите за 2021 година во Основен суд Неготино.

При изготвување на Распоредот за 2021 година, Претседателот на судот ги имаше во предвид мислењата од судиите, па во делот од дадените мислења кој се однесува за постапување на секој судија во една правна област, оцени дека не постои можност за поделба на работата во специјализирани судски оддели, со оглед на тоа што Основниот суд Неготино е суд со пет судии, а предвид потребите од постапувања во различни правни области на различни судии, Распоредот за работа го направи на начин што дел од судиите ќе постапуваат во различни правни области, како што е и досегашниот начин на работење на овој суд години station наназад.

Имено, при одлучувањето за распоредувањето на предметите во 2021 година, Претседателот на судот го имаше во предвид вкупниот број на нерешени предмети по судија и тоа: судија Ацо Анѓелковски 44, судија Лазар Ризов 82, судија Розеана Ѓорѓиева 90 и судија Бојанчо Донев 537, видот на предметите, како и постапувањето на секој од судиите од овој суд по распоредите за работа од претходни години, па заради повоедначено оптоварување на секој судија, се направи распоредот за работа за 2021 година.

Покрај таксативно наведените уписници по правни области, повторно од истите погоре образложени причини, со одлука на Претседателот на судот донесена по поднесено барање за изземање, на судијата може да му биде доделен во работа предмет и по уписник кој не му е доделен со распоредот за работа, а согласно член 177 и член 178 од Судскиот деловник.

Согласно член 88 став 4 од Законот за судиите, а предвид оцените и најголемиот број на бодови од последното оценување по судија, за судија кој ќе го заменува Претседателот на судот е определен судија Лазар Ризов, како судија со најголем број на бодови, утврдено од известувањето од Судски совет на РСМ.

Основен суд Неготино, 30/12/2020 година.

**Претседател на судот-Судија,**
Билјана Толова

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино дозволен е приговор во рок од 3 дена од денот на приемот преку овој суд до општата седница на Врховниот суд на РСМ.